РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVËS
Бр. 04-1813
03.01.2024 год.

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници ("Сл.Весник на РМ" бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 80/16; 127/16; 142/16; 2/17; 16/17 и 11/18 и "Сл.весник на РСМ" бр.275/19; 14/20; 215/21 и 99/22), а согласно Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација во Општина Крушево бр.01-284/1 од 07.03.2016 година; 01-284/2 од 09.08.2016 година; 01-179/1 од 01.02.2018 година, 01-179/5 од 24.04.2018 година, 01-179/8 од 02.11.2018 година, 01-129/1 од 21.01.2019 година, 01-129/4 од 20.12.2019 година и 01-905/1 од 12.07.2022 година, Секретарот на Општина Крушево на 03.01.2024 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за избор за унапредување на административен службеник по објавен интерен оглас

1. Кандидатот Драгана Куртеска-Филипоска СЕ ИЗБИРА за административен службеник за унапредување на работно место УПР 0101 Б04 000-Раководител на оддление за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина во Општина Крушево, во врска со објавениот интерен оглас 1/2023;
2. Решение за унапредување на административен службеник ќе се донесе по конечноста на оваа Одлука;
3. Оваа Одлука ќе се објави на интернет страницата на Општина Крушево и на огласна табла на Агенцијата за администрација, а ќе се достави и до избраниот кандидат;

Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

О б р а з л о ж е н и е

На 18.12.2023 година на интернет страницата на Општина Крушево и Агенцијата за администрација објавен е интерен оглас 1/2023 за унапредување на еден административен службеник за работно место УПР 0101 Б04 000-Раководител на одделение за урбаизам, комунални работи и заштитан а животната средина.

Со Решение бр.04-1258/5 од 22.12.2023 година, формирана е Комисија за унапредување на раководен административен службеник.

Согласно законот за административни службеници ("Сл.Весник на РМ" бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 80/16; 127/16; 142/16; 2/17; 16/17 и 11/18 и "Сл.весник на РСМ" бр.275/19; 14/20; 215/21 и 99/22) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас ("Сл.весник на РМ" бр.11/15 и 35/18 и "Службен весник на РСМ" бр.303/20), се спроведе постапка за унапредување, утврдена со записник бр.04-1258/7 од 29.12.2023 година за извршена административна селекција и записник бр.04-18/1 од 02.01.2024 година за спроведено интервју и предлог-одлука за избор на прво-рангираниот кандидат.

По спроведената постапка, Комисијата за селекција ја достави финалната ранг-листа и предлог-одлуката до Секретарот на Општина Крушево кој носи Одлука за избор во рок од 3 (три) дена од добивањето на предлогот. Комисијата го предлага кандидатот Драгана Куртеска-Филипоска.

Во рок од 5 (пет) дена по конечноста на одлуката Секретарот донесува Решение за унапредување на административниот службеник.

Согласно член 52 од законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Крушево бр.01-284/1 од 07.03.2016 година; 01-284/2 од 09.08.2016 година; 01-179/1 од 01.02.2018 година, 01-179/5 од 24.04.2018 година, 01-179/8 од 02.11.2018 година, 01-129/1 од 21.01.2019 година, 01-129/4 од 20.12.2019 година и 01-905/1 од 12.07.2022 година, Секретарот на Општина Крушево изврши избор на кандидат и донесе Одлука како што е цитирано во точка 1 на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата на Општина Крушево и Агенцијата за администрација.

Доставено до:
- Агенција за администрација;
- Избраниот кандидат;
- Архива на Општина Крушево.

**Општина Крушево**
**Секретар,**
Мина Миленкоска